# Записник од 14-тата седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

# З А П И С Н И К

***Од 14-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 06.11.2018 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 10:00 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваа 15 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Александар Чамовски, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јованка Василевска Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански и Влатко Буровски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски, раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, Советникот за нормативно правни и имотно правни работи во Одделение за општи и правни работи, Емилија Ваканска и соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности, Биљана Каламадевска-како записничар.

За работата на Советот за оваа седница Претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 13-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Одлука за укинување на Развојна Програма "Изградба на улица 20 месност Ширината" Берово и Развојна Програма "за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево,"
3. Предлог Развојна Програма за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево, Бр.22-3479/1 од 19.10.2018 година;
4. Предлог Развојна Програма за заштита на жителите од една планина долж две реки, Бр.19-3480/1 од 19.10.2018 година;
5. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање Општински совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата;
6. Предлог О Д Л У К А за формирање на Локален совет за превенција;
7. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на Општина Берово;
8. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Совет за јавно здравје и определување на членови на подрачјето на Општина Берово;
9. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање Локален Совет за млади на Општина Берово;
10. Предлог О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;
11. Правилник за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;
12. Предлог одлука за давање под закуп на објект – кино сала Берово;
13. Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Управниот одбор на ЈЗУ „Здравен дом" – Берово;
14. Измени и дополнувања на Буџетот на општина Берово за 2018 година;
15. Предлог Одлука за субвенционирање на ЈПКР "Услуга" Берово;

16. Предлог О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик бр.07/2018 за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 124;
17. Предлог О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 124;
18. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;
19. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;
20. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;
21. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово
22. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово;
23. Програма за изведување на тродневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово
24. Барања од институции и граѓани;
25. Советнички иницијативи и прашања.

На ова се надоврзува советникот Емилија Пачемска која истакнува дека во 22 и 23 точка наместо еднодневна треба да стои дводневна и тродневна.

Градоначалникот на Општина Берово Звонко Пекевски, предлага дневниот ред да се дополни со како **24 точка** Предлог О Д Л У К А за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип- појаснувајќи дека треба да се формира меѓурегионално претпријатие.

Претседателот на Совет го стави на гласање проширувањето на дневниот ред за точката 24 по предлог на Градоначалникот при што со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоено проширувањето на дневниот ред за предлогот на Градоначалникот.

Потоа го стави на гласање дневниот ред со проширувањето и за работа на 14 Седница на Советот на Општина Берово со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоен следниот

**Д н е в е н р е д:**

1. Усвојување на Записник од 13-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Одлука за укинување на Развојна Програма "Изградба на улица 20 месност Ширината" Берово и Развојна Програма "за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево,"
3. Предлог Развојна Програма за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево, Бр.22-3479/1 од 19.10.2018 година;
4. Предлог Развојна Програма за заштита на жителите од една планина долж две реки, Бр.19-3480/1 од 19.10.2018 година;
5. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање Општински совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата;

6. Предлог О Д Л У К А за формирање на Локален совет за превенција;
7. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на Општина Берово;
8. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Совет за јавно здравје и определување на членови на подрачјето на Општина Берово;
9. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање Локален Совет за млади на Општина Берово;
10. Предлог О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;
11. Правилник за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;
12. Предлог одлука за давање под закуп на објект – кино сала Берово;
13. Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Управниот одбор на ЈЗУ „Здравен дом“ – Берово;
14. Измени и дополнувања на Буџетот на општина Берово за 2018 година;
15. Предлог Одлука за субвенционирање на ЈПКР "Услуга" Берово;
16. Предлог О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик бр.07/2018 за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 124;
17. Предлог О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 124;
18. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;
19. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;
20. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;
21. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски “- Берово
22. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски “- Берово;
23. Програма за изведување на тродневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски “- Берово;
24. Предлог О Д Л У К А за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип;
25. Барања од институции и граѓани;
26. Советнички иницијативи и прашања.

***1. Усвојување на Записник од 13-та Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на совет Јован Матеничарски отвори расправа по точката на дневен ред и бидејќи никој не се јави за дискусија, Записникот беше ставен на гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани советници** е усвоен Записникот од 13 –тата Седница на Совет на Општина Берово.

***2. Одлука за укинување на Развојна Програма "Изградба на улица 20 месност Ширината" Берово и Развојна Програма "за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево,"***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, отвори дискусија по предложената точка на дневен ред. За збор се јави Градоначалникот на Општина Берово, Звонко Пекевски, кој појасни дека согласно законот за Буџет , претходната година е донесен план за развојни програми но тие немаат реализација и согласно закон тие програми треба да се укинат.

Претседателот ја става на гласање, Одлуката за укинување на Развојна Програма "Изградба на улица 20 месност Ширината" Берово и Развојна Програма "за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево," и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена Одлуката за укнинување.

***3. Предлог Развојна Програма за Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево, Бр.22-3479/1 од 19.10.2018 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по точкта на дневен ред. Раководителот на Одделение за општи и правни работи Анита Рунтевски се надоврзува и кажува дека по точките 3 и 4 ќе се донесе еден заклучок. Пристапено е кон гласање при што со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена предлог развојната програма за ***Изградба на фекална канализација со колектор во с.Мачево.***

***4. Предлог Развојна Програма за заштита на жителите од една планина долж две реки, Бр.19-3480/1 од 19.10.2018 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по точкта на дневен ред. Градоначалникот се надоврзува и истакнува дека евалуацијата на проектите од прекугранична соработка со Општина Струмјани е во завршна фаза. Бидејќи претходно е веќе појаснето, пристапено е кон гласање при што со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена предлог развојната програма за ***заштита на жителите од една планина долж две реки.***

***5. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање Општински совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 5-тата точка на дневен ред, при што за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна прелог од Советниката група на СДСМ за членови на Општински совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата ги предложи:

- Зоран Јовановски
- Сашко Андовски
- Зоран Ханџиски
- Тони Ѓоковиќ
- Венко Бошнаковски
- Петар Бошнаковски
- Јован Цикарски

Бидејќи немаше друг предлог, пристапено е со гласање со **9 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, 6 ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоен предлогот на советничката група на СДСМ.

***6.	Предлог О Д Л У К А за формирање на Локален совет за превенција;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 6-тата точка на дневен ред, при што за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна прелог од Советниката група на СДСМ за членови на локален совет за превенција :

- Златко Биковски
- Бранко Мазгански
- Јован Матеничарски
- Јагода Шахпаска
- Предраг Монев
- Герасим Гриовски
- Васко Мамучевски
- Љупка Дупкарска
- Гоце Милошевски
- Атанас Фидански
- Мирјана Кракутовска
- Емилија Галабовска Биљарска
- Тодорчо Кацарски
- Владо Клинчарски
- Зоран Коколански
- Драги Топаловски
- Илија Рунтевски
- Јован Ковачовски
- Сенад Расимов
- Илија Букушовски
- Ферисан Зекиров
- Јасмина Кржовска
- Љупчо Готовски

За технички секретар ја предлага Емилија Галабовска Биљарска . Бидејќи немаше друг предлог, пристапено е со гласање со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, е усвоен предлогот на советничката група на СДСМ.

***7.	Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 7-тата точка на дневен ред, при што за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна прелог од Советниката група на СДСМ за членови на локален совет за заштита на потрошувачите

- За Претседател Јованка Василевска Петрушева
- Емилија Пачемска
- Лилјана Илиевска
- Катерина Цонкинска
- Марија Буровска

Бидејќи немаше друг предлог, пристапено е со гласање со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, е усвоен предлогот на советничката група на СДСМ.

***8. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Совет за јавно здравје и определување на членови на подрачјето на Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 8-тата точка на дневен ред, при што за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна прелог од Советниката група на СДСМ за членови на Совет за јавно здравје на подрчјето на Општина Берово

- Венко Пашалиски
- Дивна Соколчевска
- Верица Мачевска
- Кристина Милошевска
- Весна Коловска

Бидејќи немаше друг предлог, пристапено е со гласање со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници**, е усвоен предлогот на советничката група на СДСМ.

***9. Предлог Р Е Ш Е Н И Е за формирање Локален Совет за млади на Општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 9-тата точка на дневен ред, при што за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакна прелог од Советниката група на СДСМ за членови на Локален Совет за млади на Општина Берово

- Бранко Букошовски
- Наташа Нешовска
- Јорданчо Ајтовски
- Александар Чамовски
- Васко Кафтански

Бидејќи немаше друг предлог, пристапено е со гласање со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоен предлогот на советничката група на СДСМ.

***10. Предлог О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 10-тата точка на дневен ред, при што за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска која истакна дека ставањето во рамка субвенционирање на трошоци за комунални услуги е за поздрав и ќе видиме како ќе се одрази. Потоа е пристапено со гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоена предлог ОДЛУКАТА за субвенционирање на комунални услуги.

***11. Правилник за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор е пристапено со гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоен Правилник за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

***12. Предлог одлука за давање под закуп на објект – кино сала Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка на дневен ред , при што за збор се јави Советникот Предраг Монев, кој истакна дека нема наведено критериуми под кои ке се издава. На ова одговара Раководителот на општи и правни работи Анита Рунтевски, која истакнува дека согласно закон за користење, најпрво се ангажира овластен проценител кој ја одредува цената и се става на аукција и на аукција ќе добие тој што ќе понуди најголема цена. Намената на објектот е ЈЗ јавни дејности. По објаснувањето е пристапено кон гласање при што со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоена предлог ОДЛУКАТА за давање под закуп на објект – кино сала Берово.

***13. Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Управниот одбор на ЈЗУ „Здравен дом“ – Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 13-тата топча на дневен ред, при што за збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска која даде предлог од советничката група на СДСМ , за членови на управен одбор на ЈЗУ „Здравен дом“ – Берово да бидат

- Стојан Предарски и
- Сања Бугариновска

Бидејќи немаше друг предлог пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** е усвоен предлогот на Советничката Славица Фурнаџиска.

***14. Измени и дополнувања на Буџетот на општина Берово за 2018 година;***

Претседателот отвори дискусија по предложената точка, при што за појасување е повикана Татјанка Муртовска која појаснува дека во

-програмта А0 ставка 424 Поправки и тековни одржување се додаваат 70.000,00 денари и тоа се средства кои ќе се користат за одржување на парниот котел во бизнис инкубаторот и стануваат 225.000,00

-програма Д0 ставка 425 се намалува за 5.000,00 денари и од првите 1.054.440,00 во ребаланс стануваат 1.049.440,00 денари

-програма Г1 ставка 420 се ставни 60.000,00 денари ги враќаме на 30.000,00 денари

-на програма ГД ставка 480 се ставени 30.000,00 денари и од 0,00 денари стануваат 30.000,00 денари

-На ЈД ставка 482 програма се додаваат 1.929.395,00 денари и од 22.217.327,00 стануваат 24.146.722,00 днари

-на ЈИ програма ставка 482 има проектирано 200.000,00 денари се дополуваат уште 500.000,00 денари и во ребаланс стануваат 700.000,00 денари

-во програма К4 ставка 464 наместо 1.560.000,00 во ребаланс стои 1.565.000,00 денари, односно се додаваат 5.000,00 денари

-програма В2 ставка 427 привремени вработувања се намалува за 80.000,00 денари и од 500.000,00 во ребаланс стои 420.000,00
-програма В2 ставка 482 се зголемува за 80.000,00 денари и од 40.000,00 денари станува 120.000,00 денари
-Основниот буџет е зголемен за 2.499.395,00 денари
На ова се надоврзува Градоначалникот, кој истакнува дека ребалансот е инициран од укинување на развојните програми. За збор се јавува Советникот Драган Мустачки, кој истакнува дека го цени мислењето но смета дека одлуката за измена е на штета на граѓаните и дека се намалуваат ставки кои се важни за граѓаните. На ова дообјаснува Советникот во Одделението за финансии Татјанка Муртовска дека ребалансот го иницира укинувањето на развојните програми а има и нови средства ако се јават одредени потреби за реконструкција на канализациони системи. Градоначалникот истакнува дека кога се прави буџетот се внесуваа обврските кои се создадени и се намалуваат сите приходи кои се нереални ама мора да се сервисираат обврските. Со новата законска измена може само 10 % од просекот од последните 3 години да се зголеми буџетот и за толку да се преземаат обврски. Една од тие обврски е исплатата по решенија на претходно истерани работници кои сега се правосилни. За збор се јавува Советникот Мустачки, кој истакнува дека советничката група на ВМРО-ДПМНЕ останува на ставот дека ребалансот е на штета на граѓаните. На ова Градоначалникот истакнува дека штетата е направена претходно, сега само се имплицира. За збор се јавува Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека секој има право на став, меѓутоа од изложеното се гледа дека сите преземени обврски, се што е изградено е платено и дека блокираната општина толку дозволува. Градоначалникот надополнува дека додека не се дојде до финансиски постабилна општина нема друга можност. Претседателот на Совет, Јован Матеничарски, истакнува дека кога се расправа за буџет добро е да има конкретни предлози за измени на ставки од советничката група на ВМРО –ДПМНЕ . На ова одговара Советникот Мустачки кој кажува дека не се оди со амандмани бидејќи знае дека нема да бидат прифатени. На ова повторно се јавува Градоначалникот кој истакнува дека ќе има форуми во заедницата или посебно со Советниците состанок да се закаже и заеднички да се види што може да се направи и да оставиме впечаток на сериозност. На ова Претседателот на Совет истакнува да Одделението за комунални дејности даде информација кои улици има проектирано, од администрацијата да кажат колку средства се планираат за улици и заеднички да одлучиме кои улици ќе се финансираат. Пристапено е кон гласање и со **9 гласа ЗА , 6 гласа ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** се усвоени измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Берово за 2018 година.

***15. Предлог Одлука за субвенционирање на ЈПКР "Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, при што Градоначалникот појаснува декасе работи за субвенционирање од 600.000,00 денари кое ќе овозможиобезбедување на нови гробни места. Пристапено е со гласање и **со 15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена предлог одлуката за субвенционирање на ЈПКР "Услуга" Берово.

***16. Предлог О Д Л У К А за утврдување на приоритет за учество на јавен повик бр.07/2018 за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 124;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по 16-тата точка на дневен ред при што повикан е Раководителот на ЛЕР, заради одредени појаснувања. Раководителот на ЛЕР, Ѓорѓи Пеовски истакнува дека од неодамнешниот повик на МЗШВ за изградба на патишта до 1.000.000,00 денари имаме можност да го финансира патот од с. Русиново до Безгаштево треба да се изработи апликација огласот трае до 17.11 и дел од тоа  и одлуката за прифаќање на мерката со одлуката на Совет.За збор се јавува Советничката Благица Русковска, која истакнува дека одлуката е за поздравување и дека треба да се посвети внимание на патишта во Дворилте.  Пристапено е со гласање и **со 15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена предлог Одлуката.

***17. Предлог О Д Л У К А за давање согласност за намената на инвестицијата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка 124;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по 17-тата точка на дневен ред и бидејќи веќе претходно е објаснето за што станува збор е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена предлог Одлуката.

***18. Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка , Претседателот на комисијата за финансирање и буџет, Гоце Ружински истакна дека е разгледан извештајот и дека нема забелешки и бидејќи никој друг не се јави за збор е пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година.

***19. Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка , Претседателот на комисијата за финансирање и буџет, Гоце Ружински истакна дека комисијата нема забелешки и дека е многу добро објаснето. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска која истакнува дека од приложеното се гледа дека  почнува да се раздолжува општината и дека добро е избалансирно по месеци.  Пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година.

***20. Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка , Претседателот на комисијата за финансирање и буџет, Гоце Ружински истакна дека е разгледан извештајот ратата се плаќа од кредитот и каматата, друго задолжување нема . Пристапено кон гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година.

***21. Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 21 –та точка на дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е со гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена Програма за изведување на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово.

***22. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 22 –та точка на дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е со гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово.

***23. Програма за изведување на тродневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 23 –та точка на дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е со гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена Програма за изведување на тродневна екскурзија за учениците од IX одделение при ООУ „ Дедо Иљо Малешевски "- Берово.

***24. Предлог О Д Л У К А за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по 24 –та точка на дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е со гласање и со **15 гласа ЗА, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена Предлог О Д Л У К А за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип.

***25. Барања од институции и граѓани;***

По однос на барања од интитуции и граѓани донесени се заклучоци за :

- По барање од таксисти за утврдување на локации за постројки за таксисти да се достави заклучок до одделение за инспекциски надзор при Општина Берово инспекторот да даде предлог дали може бараните локации да бидат постројки за такси превозници и да даде извештај до Советот на Општина Берово  колку регистрирани такси превозници има на територијата на Општина Берово
- По однос на барање за преотстапување на огревно дрво од ООУ „Никола Петров Русински" Советот донесе заклучок да се упатат да спроведат постапка преку училишен одбор и да го достават до Советот
- По однос на барање од ФК Русиново за исплаќање на средства за подршка на спортски активности, да се направи решение за исплата на 50.000,00 денари.
- По однос на барање на Пинг Понгарски клуб Берово, Советот донесе одлука да се обезбеди превоз на натпреварувачите до Битола и назад
- По однос на барање од Вангелов Тони донесен е заклучок одделението за комунални дејности и заштита на животна средина да излезе на лице место и да го извести барателот за постапеното
- По барање на жителите од ул „Задарска " Советот на Општина Берово донесе заклучок да се достави до инспекторатот, Инспекторот за животна средина да излезе на лице место и да се постапи согласно законските  можности

***26. Советнички иницијативи и прашања.***

***Претседател Јован Матеничарски:*** Колку средства на невладини организации се исплатени во периодот од 2013 до 2017 година

***Предраг Монев :*** Зимен период е многу загаден воздухот да се регулира тоа преку мерни системи

Градоначалник : Работиме на случајот и во скоро време ќе се ангажира фирма која што ќе работи

***Драган Мустачки :*** Барам од Градоначалникот во догледно време да ми се достави извештај за репрезентација на Градоначалникот и општинската администрација, создадени и платени обврски за 2018 година заклучно со 30.09.2018 година

***Драган Мустачки :*** патни трошоци во земјата и во странство Градоначалник и администрација само дневниците паричен износ

***Емилија Пачемска:*** Предлага да излезе документ за народот да биде сигурен дека нема ураниум во водата што се пие

***Славица Фурнаџиска :*** Секој добиен извештај за водата да се дава на Седница на Совет да се разгледува.

Дневниот ред е исцрпан и седницата заврши во 12 :10 часот .

Усовен на ден:
Бр.09-3919/1
30.11.2018  година
Берово

*Записничар,*
*Биљана Каламадевска*

____________________
(*потпис)*

М.П.

*Претседател на Совет,*
*Јован Матеничарски*

____________________
*(потпис)*